# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА КОЧАНИ

| БРОЈ 9 | КОЧАНИ, 17 Јули 2024 ГОДИНА | ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА |
|---|---|---|

Врз основа на членот 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002), Градоначалникот на Општина Кочани, донесе

З А К Л У Ч О К
за објавување на актите донесени на седницата на Советот на Општина Кочани одржана на 17.07.2024 година

I.

Ги објавувам актите донесени на седницата на Советот на Општина Кочани, одржана на 17.07.2024 година, и тоа:

1. Одлука за давање на согласност и право на користење на недвижен имот за целите на Проектот „ Интегриран развој на препознатливиот културен и близок до природата туризам во Источниот плански регион и регионот Благоевград” , Бр.09-1193/1
2. Одлука за сопствено учество – кофинансирање на проектот „Интегриран развој на препознатливиот културен и близок до природата туризам во Источниот плански регион и регионот Благоевград” , Бр.09-1194/1

3. Заклучок за давање согласност на Планот за изменување на Годишниот план за вработување во Општина Кочани за 2024 година, Бр.09-1197/1

4. Заклучок за давање согласност на Годишниот план за вработување во Општина Кочани за 2025 година, Бр.09-1198/1

II.

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр. 08-1199/1
17.07.2024 година
К о ч а н и

Градоначалник
на Општина Кочани,
Љупчо Папазов

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр5/2002), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 17.07.2024 година, донесе

О Д Л У К А
за давање на согласност и право на користење на недвижен имот за целите на Проектот „ Интегриран развој на препознатливиот културен и близок до природата туризам во Источниот плански регион и регионот Благоевград”

Член 1

Се одобрува Центарот за развој на Источен плански регион да аплицира како Водечки партнер со проект „Интегриран развој на препознатливиот културен и близок до природата туризам во Источниот плански регион и регионот Благоевград”, по однос на Поканата за учество на Ограничениот повик за поднесување на проекти во врска со поднесената апликација со реф. број BGMK0200046 од Територијалната Стратегија која се реализира во рамки на Програмата за прекугранична соработка INTERREG VI-A IPA Бугарија – Северна Македонија 2021-2027, по Приоритет 3 – Интегриран развој на прекуграничниот регион, специфична цел 1.2. Развој на атрактивна, целогодишна туристичка понуда преку искористување на паметни решенија кои обезбедуваат универзален пристап и учество.

Член 2

Се одобрува бесплатно право на користење на Центарот за развој на Источен плански регион на недвижен имот на КП 8204 КО Кочани евидентирана во имотен лист број 18808 за спроведување на целите на проектот „Интегриран развој на препознатливиот културен и близок до природата туризам во Источниот плански регион и регионот Благоевград”, за изградба на типско повеќенаменско рекреативно игралиште на Езеро Градче.

Член 3

Целта на проектот од член 2 на оваа Одлука нема да биде променета и проектните резултати да бидат одржувани за период од најмалку 5 (пет) години по одобрување на финалното барање за плаќање за проектот.

Член 4

Градоначалникот на Општина Кочани и директорот на Центарот за развој на Источен плански регион ќе потпишат Договор за меѓусебна соработка за реализацијата на проектот „Интегриран развој на препознатливиот културен и близок до природата туризам во Источниот плански регион и регионот Благоевград”.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Кочани”.

Бр.09-1193/1
17.07.2024 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр5/2002), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 17.07.2024 година, донесе

ОДЛУКА
за сопствено учество – кофинансирање на проектот „Интегриран развој на препознатливиот културен и близок до природата туризам во Источниот плански регион и регионот Благоевград”

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност за кофинансирање на дел од проектните активности во рамки на проектот „Интегриран развој на препознатливиот културен и близок до природата туризам во Источниот плански регион и регионот Благоевград” во максимален износ од 2.159.621,00 денари.

Член 2

Проектот од член 1 во кој водечки партнер е Центарот за развој на Источен плански регион предвидува инвестициски мерки за развој на атрактивна, целогодишна туристичка понуда преку искористување на паметни решенија кои обезбедуваат универзален пристап и учество – изградба на типско повеќенаменско рекреативно игралиште на Езеро Градче, КП 8204 КО Кочани евидентиран во имотен лист број 18808 и истиот ќе се аплицира на Ограничениот повик за проекти во врска со поднесената апликација со реф. број BGMK0200046 од Територијалната Стратегија која се реализира во рамки на Програмата за прекугранична соработка INTERREG VI-A IPA Бугарија – Северна Македонија 2021-2027.

Член 3

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Кочани за 2025 година на сметката на проектот на Центарот за развој на Источен плански регион, по одобрување на проектот од страна на Програмата за прекугранична соработка INTERREG VI-A IPA Бугарија – Северна Македонија 2021-2027 и потпишување на Договор за грант со Министерството за регионален развој и јавни работи на Република Бугарија.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сужбен гласник на Општина Кочани”.

Бр.09-1194/1
17.07.2024 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

Врз основа на членот 20-б, став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 27/2014; 199/2014; 27/2016; 35/2018; 198/2018; 143/2019, 14/2020, 95/2020 И 302/2020), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 17.07.2024 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
за давање согласност на Планот за изменување на Годишниот план за вработување во Општина Кочани за 2024 година

I

Се дава согласност на Планот за изменување на Годишниот план за вработување во Општина Кочани за 2024 година, Бр.04-960/1 од 05.06.2024 година.

II

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани".

Бр.09-1197/1
17.07.2024 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 20-б, став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 27/2014; 199/2014; 27/2016; 35/2018; 198/2018; 143/2019, 14/2020, 95/2020 И 302/2020), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 17.07.2024 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
за давање согласност на Годишниот план за вработување во Општина Кочани за 2025 година

I

Се дава согласност на Годишниот план за вработување во Општина Кочани за 2025 година, Бр.04-975/1 од 06.06.2024 година.

II

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани".

Бр.09-1197/1
17.07.2024 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

# СОДРЖИНА

1. Одлука за давање на согласност и право на користење на недвижен имот за целите на Проектот „ Интегриран развој на препознатливиот културен и близок до природата туризам во Источниот плански регион и регионот Благоевград” , Бр.09-1193/1

Стр.2

2. Одлука за сопствено учество – кофинансирање на проектот „Интегриран развој на препознатливиот културен и близок до природата туризам во Источниот плански регион и регионот Благоевград” , Бр.09-1194/1

Стр.3

3. Заклучок за давање согласност на Планот за изменување на Годишниот план за вработување во Општина Кочани за 2024 година, Бр.09-1197/1

Стр.4

4. Заклучок за давање согласност на Годишниот план за вработување во Општина Кочани за 2025 година, Бр.09-1198/1

Стр.4